19-967/11
17.04.19
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за градежништво,производство, трговија и услуги
ДИНЕ ТРЕЈД ДОО увоз-извоз
Бр. 0301/11
17.04. 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ
## по спроведена постапка БПП- О дел.бр.19-/2019

склучен на ден **__.04.2019 г.** помеѓу следните

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**А) Општина Крива Паланка**

**ул. „ Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 Крива Паланка**

застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски**

(во понатамошниот текст **договорен орган**) од една страна , и

**Б) ДГПТУ Дине Трејд ДОО со седиште на ул. “ 11-ти Октомври “ бр.45 во Крива Паланка - претставувано од Управител Благица Вучковска** (во понатамошниот текст Носител на набавката – **економски оператор)** од друга страна

**II. ДЕФИНИЦИИ**

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1)„Договорен орган“- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.

2)„Економски оператор“ – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.

3) „Работи “ се работи потребни за потребите на општина Крива Паланка , согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација.

4) „Договорна цена“ е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.

5) „Испорака“ значи предавање на предметот на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор, на начин на кој договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките.

**III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на следните работи : **Градежни и градежно-занатски работи за тековно одржување за потребите на Општина Крива Паланка** согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација на јавната набавка спроведена со Барање за прибирање на понуди со огласување , заведена под дел.бр. 10/2019.

**IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**V. КОЛИЧИНА НА СТОКИТЕ**

**Член 4**

Работите од член 2 кои се предмет на овој договор ќе бидат извршени по барање на договорниот орган согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација и согласно понудбената документација на јавната набавка БПП-О бр.10/2019.

**VI. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Цената на предметот на јавната набавка – работи од член 2 на овој договор е утврдена согласно понудбената документација и тоа :

| Ред.бр | Опис на активност | Единечна мерка | Количина | Единечна Цена без ДДВ | Единечна Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Одстранување на слаби делови од постоечки потпорни и обложни зидови и одвоз на материјалот на растојание до 3 км** | 1 м3 | По потреба | 3.000,00 | 3.540,00 |
| 2 | **Санација на потпорни и обложни зидови од армиран бетон со потребна оплата и вграден бетон мин МБ30** | 1М3 | По потреба | 6.500,00 | 7.670,00 |
| 3 | **Санација на потпорни и обложни зидови од камен со набавка и вградување на камен со соодветни димензии.** | 1м3 | По потреба | 6.000,00 | 7.080,00 |
| 4 | **Набавка, транспорт, кроење и вградување на потребна арматура** | 1кг | По потреба | 70,00 | 82,60 |
| 5 | **Изработка на парапетен (ограден) зид од бетон со мин.висина од 80 см и мин. дебелина од 15 см** | 1 м3 | По потреба | 7.500,00 | 8.850,00 |
| 6 | **Санација или изработка на скали од бетон мин. МБ 30 со потребна оплата и димензии според прописи** | 1м3 | По потреба | 7.000,00 | 8.260,00 |
| 7 | **Набавка, транспорт и вградување на павер елементи (бехатон) плочи на подлога од песок** | 1 $м^2$ | По потреба | 900,00 | 1.062,00 |
| 8 | **Набавка, транспорт и вградување на павер елементи (бехатон) рабници врз подлога од мршав бетон** | $1М^2$ | По потреба | 600,00 | 708,00 |
| 9 | **Изработка на калдрма од камени плочи на подлога од бетон (без камените плочи)** | $1М^2$ | По потреба | 600,00 | 708,00 |
| 10 | **Изработка на калдрма од камени плочи на подлога од бетон (со набавка и довоз на камените плочи)** | $1М^2$ | По потреба | 1.800,00 | 2.124,00 |
| 11 | **Изработка на попречен сливен канал со мин. димензии ширина=40 см, висина=60см, дебелина на зид 15см од армиран бетон, мин МБ30 на лок.улици и патишта** | 1М' | По потреба | 3.200,00 | 3.776,00 |

Вкупната цена на јавната набавка без засметан Данокот на додадена вредност , изнесува 1.500.000,00 ( еден милјон и петстотини илјади денари ) односно со засметан ДДВ 1.770.000,00 ( еден милјон седумстотини и седумдесет денари ) денари.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Економскиот оператор е должен рботите да ги врши сукцесивно по барање и според потребите и количините на договорниот орган .

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок од 60 дена од потпишување на фактура од Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура .

**Член 8**

Плаќањето ќе биде извршено од Буџетот на Општина Крива Паланка .

## IX. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 9**

Квалитативна и квантитативната контрола на услугите од член 2 од овој Договор врши Општина Крива паланка , преку овластено лице.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена , евентуалниот спор ќе го решава надлежниот суд во Куманово .

## XI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Овој договор е склучен со времетраење од 12 (дванаесет ) месеци сметајќи од денот на склучувањето на договорот или до искористување на сумата .

## XII.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Кога една од договорните страни нема даја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 13**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс – Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 15**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

***ДОГОВОРЕН ОРГАН***
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР***
**ДГПТУ Дине Трејд ДОО**
**Управител**
**Благица Вучковска**